**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, јануари 2023 година

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Репблика Македонија" број 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на____ седница одржана на________________ година, донесе

# ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

## I.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа Програма се утрдуваат активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на град Скопје за 2023 година.

Програмата за локален економски развој се изготвува со цел остварување на надлежностите на Градот во делот на локалниот економски развој.

Спроведувањето на активностите од областа на локалниот економски развој произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи и тоа: Законот за занаетчиство, Законот за угостителската дејност, член 48 став 2 од Законот за трговските друштва, како и член 9, став 2 од Законот за такса за привремен престој.

## II.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности во надлежност на Градот Скопје од областа на локалниот економски развој, што ќе се реализираат во текот на 2023 година, на подрачјето на Град Скопје и тоа:

**1.Поддршка на развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации**

1.1 Финансирање на проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2023 година

1.2. Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Скопски плански регион

1.3. Финансирање на проектни активности за поддршка на женско претприемништво на Град Скопје

**2. Поддршка на развој на занаетчиство и трговија**

2.1.Субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје

2.2. Финансирање на настани и манифестации од областа на туризмот, занаетчиството, угостителството и трговијата од интерес на Град Скопје за 2023 година

2.3. Финансирање на манифестации од областа на занаетчиство, угостителство и трговија

2.4. Пријавување на интерес за користење на јавни површини со поставени тезги и киосци во сопственост на Град Скопје, или користење на јавни

површини со тезги изработени од корисниците согласно даден проект од Град Скопје

**3. Поддршка на развој на туризам и угостителство**

3.1. Санација на постоечка патека од манастирот свети Андреа (од клинот) до Висок Рид, спроти пештера Врело во должина од 3,8 км
3.2. Одржување на планински велосипедски патеки на планината Водно за 2023 година
3.3. Санација на постоечката патека од пештера Врело до пештера Убава во кањонот Матка
3.4. Финансиска поддршка за организирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството
3.5. Проект - Порибување реки и езера
3.6. Уредување, подобрена пристапност и промоција на археолошки локалитет „Скупи"
3.7. Изработка на проектна документација за санација и одржување на опремата во пештерите Врело и Убава и санација и оддржување на опремата

## III.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

*Средствата за финансирање на Програмата се утврдуваат во износ од **24.300.000,00** (дваесет и четири милиони и триста илјади)**денари** и се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2023 година и тоа*:

## *1.Поддршка на развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации*

### 1.1 Финансирање на проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2023 година

Преку објава на јавен повик ќе се финансираат програмските активности (проекти) на здруженија, фондации, стопански интересни заедници и слично, за цели поврзани со политиките за поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија на поддрачјето на градот Скопје за 2023 година.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година,Програма Г1 износ :2.000.000 денари.**

### 1.2. Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Скопски плански регион

Преку оваа Програма се финансира работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион, согласно Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РМ", број 63/07,187/13,43/14,215/15 и 64/18) и Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје",број14/08) и Одлука за

изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион („Службен гласник на Град Скопје“, број14/22)

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година,Програма Г1 износ :1.600.000 денари.**

**1.3. Финансирање на проектни активности за поддршка на женско претприемништво на Град Скопје**

На иницијатива на Градоначалникот на Град Скопје и жените претприемачи од градот Скопје заради поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемачи со јавен повик ќе се поддржат активности од интерес за поддршка на женското претприемништво и родовата рамноправност, градење на политики за поддршка на жените претприемачи, родовата рамноправност и женските права, со цел општествено и економско зајакнување на жените.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година,Програма Г1 износ :1.000.000 денари.**

***Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на Програмата за Поддршка на развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации износува 4.600.000,00 (четири милиони и шестотини илјади) денари.***

## *2.Поддршка на развој на занаетчиство и трговија*

**2.1.Субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје**

Градот Скопје со цел да ги стимулира занаетчиите и занаетчиските дејности во изумирање и да го поттикне развојот на традиционалните занаети во градот Скопје, ќе ги субвенционира занаетчиите на подрачјето на градот Скопје.
Дел од мерките се преточени во конкретни активности за кои ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година со што ќе биде спроведена процедурата за субвенционирање на старите занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје за 2023 година, преку финансиска поддршка. Критериумите кои ќе бидат објавени во јавниот повик, ќе бидат предвидени со претходно изработен Правилник.

**Извршител:Сектор за локален економски развој преку Јавен повик.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 1.000.000 денари**

**2.2. Финансирање на настани и манифестации од областа на туризмот, занаетчиството, угостителството и трговијата од интерес на Град Скопје за 2023 година**

Финансирање на проекти и манифестации од областа на туризмот, занаетчиството, угостителството и трговијата за 2023 година е предвидена активност која ќе се спроведе за развој на приоритетните области:
-Одржлив развој на туризмот, занаетчиството, угостителството и трговијата во Град Скопје;
-Промоција на занаетчиството;
-Поддршка на традиционални занаети;
-Активности за унапредување на трговијата во Град Скопје;
-Проекти што се од исклучително значење за развој на Градот во областа на занаетчиството.

Градот Скопје преку јавни повици ќе избере реализатори на следните манифестации и проекти:

- **Ден на филигранството**

Денот на филигранството е манифестација која со својата креативност и вклученост на заинтересирани креативци има за цел да се етаблира како традиционална манифестација во градот Скопје. На оваа манифестација ќе се презентираат многубројни изработувачи на накит, рачно изработен филигран, накит од монистра, полудраги и драги камења, кои преставуваат спој на традиционалното и современото.
Целта на проектот е развој и промоција на занаетчиството, особено филигранскиот занает и уникатниот накит кој преставува дел од македонската и скопска филигранска традиција.

**Извршител:**
**Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства: Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 1.000.000 денари**

Манифестации и/или фестивали кои негуваат етаблирана музика на која настапуваат реномирани изведувачи, градот Скопје се вбројува во мапата на европски и светски метрополи во кои гостуваат врвни виртуози на музичката сцена, а со тоа и на мапата како позната и атрактивна туристичка дестинација:

- Фестивал на современа, експериментална и урбана музика - сублимат на модерната и традиционалната музика од светот во износ: 600.000 денари**.**

- Фестивал на интернационална музика на кои настапуваат инструменталисти, вокални изведувачи и бендови од светски рамки во износ : 1.000.000 денари.

**Извршител: Сектор за локален економски развој преку Јавен повик**
**Финансиски средства: Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 1.600.000,00 денари**

**Вкупно финансиски средства за реализација на потточка 2.2 Финансирање на настани и манифестации од областа на туризмот, занаетчиството, угостителството и трговијата од интерес на Град Скопје за 2023 година, Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 2.600.000,00 денари**

## 2.3. Финансирање на манифестации од областа на занаетчиство, угостителство и трговија

Со цел поттикнување на развојот на приоритетните области за промоција, поддршка, унапредување и развој на занаетчиството,угостителството и трговијата во на Град Скопје се организираат манифестации и настани со богата и разновидна програма, збогатена со квалитетна музичка програма и гастрономска понуда.

Градот Скопје преку јавни повици ќе избере реализатори на следните манифестации, настани и фестивали:

- **Фестивал Ритам на чаршијата**

Фестивалот "Ритам на чаршијата" има за цел на граѓаните, но и на туристите да им понуди нови содржини и нов вид забава, со што ќе се збогати и разновидноста на активностите на главниот град.

Фестивал “Ритам на чаршијата” треба да биде дестинација на забава со богата музичка содржина на која задолжително ќе има настап на културно-уметнички друштва, фолклорни друштва, изведувачи од сите заедници( македонски, албански, ромски, турски, влашки...). Во рамки на фестивалот се очекува и презентација и продажба на ракотворби, уметнички креации.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 600.000 денари**

- **Месец на трговијата во Град Скопје**

„Месец на трговијата во Град Скопје” е традиционална манифестација која се организира во периодот од 1 –ви до 30-ти Ноември.

Преку "Месец на трговијата во Град Скопје"– се оценуваат постигнатите резултати и најдобрите трговци за годината што изминува.

Активностите на проектот се одвиваат преку т.н. мистери шопинг оценување, каде се одбираат најдобрите трговски објекти кои ќе покажат најдобро организиран објект, најдобро снабден и со одлично воспоставен контакт продавач-купувач.

Во рамките на проектот ќе се одржи настан на кој ќе бидат избрани најдобрите, нај оригиналните и најдобро снабдените со квалитетна и ефтина трговска стока, модерно аранжирање на стоките во објектите за продажба, излозите и најдобро воспоставениот контакт помеѓу потрошувачот и продавачот.

Тајните купувачи по направената евалуација ќе изготват извештаи кои се изработени по одредени критериуми, како што се: изгледот и пристапот до објектот, снабденост со стока, аранжирање на просторот, услуга на персоналот, помош при изборот на производот, хигиена пред и во објектот, начинот на плаќање, начинот на истакнување на цените на производите, состојба на опремата и на униформите и

според оценките ќе бидат избрани најдобрите три трговци во повеќе дејности, кои ќе добијат признанија за својот квалитет и престиж.

Целта на манифестацијата е да го поттикне развојот на трговијата и занаетчиството и да укаже на потребата од следење на современите текови и примената на модерните технологии во овие стопански гранки, како и да се изврши сондирање на квалитетот на услугите во трговијата во повеќе дејности на ниво на град Скопје, со цел стимулирање на трговците за подобра услуга, снабдување со квалитетна стока за продажба како и постигнување на атрактивни цени на производите.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства: Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 300.000 денари**

- **Фестивал Скопје тајмлес (Skopje timeless)**

Фестивалот "**Скопје тајмлес" (Skopje timeless**) е манифестација која има за цел на граѓаните, но и на туристите да им го претстави градот Скопје, како град во кој се негуваат неговите вредности, претворајќи ги трајни, односно безвременски. Низ историјата на градот Скопје, иако пален, разрушуван, поробуван, реизграден со светската солидарност, ќе ја раскаже историјата за вербата и сплотеноста на граѓаните на Скопје, да го воздигнат повторно во еден модерен град, град на Солидарноста, преку негувањето на обичаите, традицијата и мултиетничкиот начин на живот. Многу генерации зад себе оставиле печат во многу научни дисциплини, во културата, уметноста и начинот на чувањето на своето богато и историско наследство. Сето ова го прави Скопје град кој го заслужува епитетот-Безвремен.

Целта на оваа манифестација е промовирање на сите овие трајни вредности на Скопје, на која ќе настапуваат бендови и изведувачи кои ќе имаат можност да бидат дел од манифестација каде ќе се раскаже историјата на главниот град, пропратена со најразлични содржини за туристите и посетителите и програма со настапи на меѓународни изведувачи.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1 износ :1.000.000 денари.**

- **Фестивал на виното**

“**Фестивал на виното**” е винска манифестација за афирмација на вековната традиција за вино производството и промоција на квалитетни и сортни и брендирани македонски вина и скопскиот вински регион.

Посетителите на Фестивалот на виното ќе имаат можност да дегустираат повеќе видови вина, кои ќе бидат изложени на штандовите на винариите, производители на квалитетно македонско вино кои ќе понудат нови вкусови на љубителите на доброто вино, презентирани по промотивни цени.

Манифестацијата ќе биде дестинација за презентација и дегустација на разновидни вина обезбедени од најголемите домашни и странски винарнии, континуирана забава со музика, продажба на ракотворби, уметнички креации (понуди соработка занаетчии-ракотворци) и забавни настапи како од Македонија, така и од странство.

Градот Скопје преку организирање на што повеќе настани со забавни содржини има за цел да ги поддржи и промовира македонските производители на вина, да го презентира долгогодишното вино-производство, нашето културно наследство и

традицијата преку дегустација на вино и храна и истовремено да привлече што повеќе странски туристи, а претставува и чекор кон доближување на виното до македонскиот уживател и пробивање на македонските сортни вина на странските пазари.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1 износ :1.000.000 денари.**

- **Фестивал на пиво**

"**Фестивал на пиво**" е манифестација за промоција и презентација на повеќе пиво-производители, пропратено со уметности и култура од земјата и регионот преку различни музички стилови.

Оваа манифестација ќе придонесе за следење на постојните тенденции на полето на пиво-производството и поддршка на меѓусебната размена на идеи меѓу презентерите и публиката.

На Фестивалот на пиво на отворени штандови ќе се оствари промоција и презентација на повеќе пиво-производители, увозници на пиво и ресторани, пропратено со културно-забавна програма.

Покрај разновидноста на храната и пивото, на фестивалот ќе бидат застапени и различни музички стилови кои ќе понудат многу забава.

За време на фестивалските денови ќе учествуваат големи имиња од музичката сцена, многу македонски изведувачи, бендови и диџеи, како и гости од странство. Деловните можности кои се отвораат со учеството на ваков тип на фестивал се огромни, а се остварува можност за промоција на производите, деловни контакти, договори, размена на бизнис идеи и сл.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1 износ :1.000.000 денари.**

- **Фестивал Модерно Скопје**

Фестивал "Модерно Скопје" е манифестација чија цел е промоција на градот Скопје како модерна европска метропола, но и како домаќин кој ја промовира современата модерна македонска кујна.

Град во кој образовните, креативните и културните потенцијали го добиваат вистинското значење и место, а сето ова преку зајакнување на свеста на граѓаните за грижа и чување на еколошки чиста средина, во која традиционлната и културната компонента го надополнуваат изразот-модерен град.

Фестивалот Модерно Скопје ќе биде фестивал кој вклучува богата програма на која е планирано да учествуваат големи имиња од македонската музичката сцена.

Исто така, предвидено е за време на настанот да има целодневен саем на ракотворби и храна карактеристични за македонското поднебје, со цел да се привлечат голем број на посетители и туристи.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1 износ :1.300.000 денари.**

**Вкупно финансиски средства за реализација на потточка 2.3 Финансирање на манифестации од областа на занаетчиство, угостителство и трговија, Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г1, износ: 5.200.000,00 денари**

**2.4. Пријавување на интерес за користење на јавни површини со поставени тезги и киосци во сопственост на Град Скопје, или користење на јавни површини со тезги изработени од корисниците согласно даден проект од Град Скопје**

Преку поставување на тезги за промоција и продажба на книги, ракотворби, автентични сувенири од нашето поднебје, предмети препознатливи за Скопје, како и костени, семки, пченки, вода и слично, Град Скопје има за цел унапредување на занаетчиството, угостителството, трговијата, туризмот, спортот, рекреацијата и културата, кои ќе го промовираат градот и ќе се овозможи поголема културна и туристичка промоција на градот Скопје.

Тезгите и киосците ќе бидат наменети исклучиво за изложување и продажба на книги, ракотворби, костени, семки, пченки, вода и слично, согласно усвоената Програма за поставување монтажно-демонтажна урбана опрема-киосци и тезги на подрачјето на Град Скопје за период 2022-2026 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.07/2022) за што корисниците на тезги ќе плаќаат комунална такса. Критериумите кои ќе бидат објавени во јавниот повик, ќе бидат предвидени со претходно изработен Правилник .

Локациите се во централното градско подрачје на Плоштад Македонија, Плоштад Филип Втори и Кеј 13 Ноември.

**Извршител:Сектор за локален економски развој преку Јавен повик.**

***Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на Поддршката на развој на занаетчиство и трговијата изнесува 8.800.000,00 (Осум милиони и осумстотини илјади) денари.***

## *3.Поддршка на развој на туризам и угостителство*

**3.1. Санација на постоечка патека од манастирот свети Андреа (од клинот) до Висок Рид, карши пештера Врело во должина од 3,8км**

Во континуитет на заложбите за ревитализација на кањонот Матка и за безбедно движење по патеките, потребно е да се изврши санација на патеката, односно да се исчисти од грмушки, растенија, гранки кои го попречуваат слободното движење по патеката, по целата нејзина должина и да се обнови урбаната опрема која се состоеше од клупи за одмор на пешаците и корпи за отпадоци.

**Извршител:**
**Секторот за Локален Економски Развој преку јавно претпријатие каде основач е Град Скопје.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2, износ: 1.200.000 денари**

**3.2. Одржување на планински велосипедски патеки на планината Водно за 2023 година.**

Заради задржување на квалитетот на планинските велосипедски патеки и редовно одржување на истите во 2023 година се предвидуваат средства за редовна санација со цел овозможување на подобра пристапност и безбедност за посетителите кои ги користат патеките.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавно претпријатие каде основач е Град Скопје.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2, износ : 300.000 денари.**

**3.3. Санација на постоечката патека од пештера Врело до пештера Убава во кањонот Матка**

Во насока на развој и ревитализација на туристичко-рекреативниот центар Матка и промоција на спелеолошкиот парк во кањонот, беше реконструирана пешачката патека која ги поврзува пештерите Врело и Убава. Поради одржување, афирмација и развој на спелеолошкиот туризам, како и на целокупниот биодиверзитет во овој регион, предвидено е да се реконструира и санира патеката, со што би се овозможил непречен пристап до пештерите.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавно претпријатие каде основач е Град Скопје.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2, износ : 1.200.000 денари**

**3.4. Финансиска поддршка за организирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството**

Со цел поттикнување на туристичкиот раст и промоција на Град Скопје како атрактивна туристичка дестинација се организираат манифестации и настани со богата и разновидна програма, збогатена со квалитетна музичка програма, и гастрономска понуда.

Градот Скопје преку јавни повици ќе избере реализатори на следните манифестации, настани и фестивали:

- **Стрит фуд фестивал (Street food Festival)**

Манифестацијата "**Стрит фуд фестивал**" (Street food festival) ќе значи приближување на Скопје до светските трендови на манифестации, на кои се промовивира современата улична храна која е катализатор за економскиот и социо-културен раст.

Во Скопје, последнава деценија, во подем се мали компании чија основна дејност е подготовка и продажба на брза улична храна и пијалоци.Овие мали компании нудат висококвалитетни оброци комбинирани од модерна и традиционална кујна, локална и меѓународна, на атрактивен и забавен начин.

Овој настан би се одржал во Градскиот Парк во Скопје, на мини комбиња и специјаизирани штандови за брза храна. Во проектот би биле поканети да се вклучат збратимените градови на Скопје и сите заинтересирани држави од Европа и светот.

Манифестацијата “**Стрит фуд фестивал** ”(Street food festival) ќе придонесе за развој и промоција на туризмот во градот Скопје, а манифестацијата ќе биде дестинација на забава со богата музичка содржина и настап на изведувачи и вокални бендови, како и за дегустација на висококвалитетни оброци комбинирани од модерна и традиционална кујна, локална и меѓународна, на атрактивен и забавен начин.

**Извршител:Секторот за Локален Економски Развој со реализатори избрани преку Јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 во износ :2.000.000 денари**

- **Најдобар угостителски објект**

**"Најдобар угостителски објект"** е настан за презентирање на националните кујни на интернационално ниво и избор на најдобар ресторан, гостилница, лаунџ/мезе бар и најдобро кафуле по пат на обучени тајни купувачи-Mystery shopping со цел да се стимулираат угостителите кон извонредност на услугата.

Целта на одржаниот настан е:
- Подигнување на нивото на услуга кон клиентите, на квалитетот на услугата во угостителската дејност на ниво на градот Скопје, со цел да се стимулираат угостителите кон извонредност на услугата;
- Да се едуцираат угостителите за отстранување на своите недостатоци во квалитетот на услугите и да се подигне степенот на самоподобрување;
- Да се воспостави топол и срдечен однос помеѓу давателите на услуги и корисниците на услугите;
- Граѓаните на Скопје, домашните и странските туристи да добијат поквалитетна услуга;
- Привлекување на вниманието на гостите преку посовремено и поатрактивно аранжирање и приготвување на специјалитети од страна на врвни мајстори на кујната, со што ќе дојде до израз способноста и креативноста на угостителите;
- Оценување и наградување на најдобрите, најоригиналните и најквалитетните кулинарски специјалитети и љубезно воспоставен однос помеѓу угостителот и гостинот.

Угостителските објекти кои по случаен избор ќе влезат во трката за “Најдобар угостителски објект“.Според оценките најдобрите три ресторани, три гостилници, три кафулиња и три lounge и мезе баровите ќе добијат признанија за својот квалитет и престиж.

**Извршител:Секторот за Локален Економски Развој заедно со реализатори преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 износ :700.000 денари**

- **Фестивал Скопје градот убав**

Фестивал " **Скопје градот убав** " е настан кој има за цел на граѓаните, но и на туристите да им понуди нови содржини и нов вид забава, со што ќе се збогати и разновидноста на туристичката програма на главниот град.

Настанот " **Скопје градот убав** " ќе придонесе за развој и промоција на туризмот во градот Скопје, а истиот ќе биде дестинација на забава со богата музичка содржина и настап на изведувачи и вокални бендови како од Македонија, така и од странство, на која се очекува програма за сите возрасни категории.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 износ :1.500.000 денари.**

- **Новогодишен Базар**

Подготовките и предпразничната еуфорија се одлична можност за градот Скопје, преку овој Базар, да им се престави на граѓаните и посетителите со интересни и разновидни содржини, правејќи го посакувана дестинација, не само за граѓаните од нашата земја, туку и за посетители од соседството и пошироко.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој заедно со реализатори избрани преку јавен повик**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 износ :1.800.000 денари.**

**Вкупно финансиски средства за реализација на потточка 3.4, Финансиска поддршка за организирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството , Програма Г2, износ: 6.000.000,00 денари**

**3.5. Проект - Порибување реки и езера**

Град Скопје ја предвидува и реализира активноста - Порибување на водите на реката Вардар и Треска и езерото Матка повеќе од десет години.
Освен со ендемска пастрмка, водите во Скопје се порибуваат и со крап и со други слатководни видови риба.

Целта на проектот е да се овозможи заштита на македонската пастрмка, а со тоа и зголемување на бројноста на популацијата во течението на реката Треска, вклучувајќи ги и акумулациите Матка, Св. Петка и Козјак.

Исто така, проектот придонесува за заштита на македонската пастрмка како дел од богатото природно наследство, збогатување на туристичката атракција преку развој и промовирање на високо квалитетен рекреативен и спортски риболов, подигање на свеста кај јавноста, зајакнување на улогата на туризмот и учество на заедницата во туристичките активности со цел да се воспостави економски возможен, одржлив и локално базиран еколошки туризам.

**Извршител:Секторот за Локален Економски Развој заедно со реализатори преку јавен повик**
**Финансиски средства:**

**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 износ : 900.000 денари.**

**3.6. Уредување, подобрена пристапност и промоција на археолошки локалитет „Скупи“**

Реализацијата на овој проект предвидува изработка на проектна и техничка документација за негова ревитализација и промоција, но и прва фаза од изведба (која вклучува изведба на пристапни патеки, тоалети, билетара, внатрешни патеки, паркинг и сл).

Станува збор за изработка на техничка документација за партерно и хортикуларно уредување, сигнализација и осветлување, безбедносен мониторинг, формирање на археолошка збирка, музејски дел, лапидариум и мала конзерваторска лабораторија за изработка на копии од наодите откриени на археолошкиот локалитет Скупи.

Исто така опфаќа превземање на подготвителни, превентивни и корективни мерки за претпазливост и заштита, како и организација на едукативни екскурзии, предавања и работилници за сите љубители на културното наследство од целиот свет.

Со овие средства Град Скопје заедно со Музеј на Град Скопје ќе аплицираат преку Центарот за развој на Скопски плански регион во Бирото за РРР, за техничка документација и изведба на 1 фаза и овие средства се ко-финанисрање од сопствени извори .

Овој проект е од регионален тип, како ко-партнер е и Општина Карпош, но не е исклучена можноста за учество и на други општини.

**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Г2 износ: 700.000 денари.**

**3.7. Изработка на проектна документација за санација и одржување на опремата во пештерите Врело и Убава и санација и оддржување на опремата**

Преку оваа предложена активност се предлага изработка на проектна документација за санација и одржување на опремата во двете пештери Врело и Убава, со што ќе се овозможи поголема безбедност, односно подобрување на условите за развој на спелеолошкиот туризам и афирмација на локалитетот Матка како атрактивно подрачје со голем број можности од интерес за посетителите и туристите.
Во оваа ставка предвидени се две активности и предложени средства за оддржување и санација на веќе постоечката опрема и надоградување со нова доколку е потребно.

- Изработка на проектна документација за санација на опремата во пештерите Врело и Убава во износ :200.000 денари.
-Санација и одржување на опремата во пештерите Врело и Убава во износ : 400.000 денари.

**Извршител: Секторот за Локален Економски Развој преку јавна набавка.**
**Финансиски средства:**
**Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма ЈМО во износ: 600.000 денари.**

***Вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на Програмата за Поддршка на развој на туризам и угостителство* изнесува 10.900.000,00 *(Десет милиони и деветстотини илјади) денари.***

## IV.ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Град Скопје преку Секторот за локален економски развој.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број _________
________ 2023 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Трајко Славески**

_________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлог-Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година е изготвена согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија” број 55/04 и 158/11). Спроведувањето на активностите од областа на локалниот економски развој произлегува од надлежности кои се утврдени во конкретните правни прописи, и тоа: член 9, став 2 од Законот за такса за привремен престој, Законот за угостителската дејност, член 48 став 2 од Законот за трговските друштва и Закон за занаетчиство.

Со Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година, преку објава на јавен повик ќе се финансираат програмските активности (проекти) на мали и средни претпријатија, се со цел поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија на поддрачјето на градот Скопје за 2023 година.

Преку оваа Програма се финансира и работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион, согласно Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на Република Македонија“, број 63/07,187/13,43/14,215/15 и 64/18) и Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“,број14/08). Финансирањето се врши квартално, на секои три месеци во текот на годината.

На иницијатива на Градоначалникот на Град Скопје и жените претприемачи од градот Скопје заради поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемачи со јавен повик ќе се поддржат активности од интерес за поддршка на женското претприемништво и родовата рамноправност, градење на политики за поддршка на жените претприемачи, со цел општествено и економско зајакнување на жените.

Во рамки на оваа Програма, проектите и активностите во областа на развојот на занаетчиството и трговијата во град Скопје за 2023 година опфаќаат мерки за финансиска поддршка на старите занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје, кои се дел од нашата култура и традиција и кои легално ја вршат занаетчиската дејност на територијата на град Скопје, а со тоа да се поттикнат нерегистрираните занаетчии да ја регистрираат својата дејност.

Со оваа Програма преку јавен повик ќе се финансираат манифестации од областа на занаетчиството, угостителството и трговијата од интерес на Град Скопје за 2023 година, како и нови иновативни проекти за приоритетните области за развој, промоција и поддршка на туризмот, угостителството, занаетчиството и трговијата во Град Скопје за 2023 година.

Целта од реализацијата на проектите од областа на трговијата е да го поттикне развојот на трговијата и занаетчиството и да укаже на потребата од следење на современите текови и примената на модерните технологии во овие стопански гранки, како и да се стимулираат трговците да обезбедат подобра услуга, снабдување со квалитетна стока за продажба како и постигнување на атрактивни цени на производите.

Реализацијата на активностите и проектите од областа на угостителството се повеќе го будат интересот кај угостителите, но и кај јавноста, а целта е да се разбуди свеста кај угостителите и кај граѓаните за важноста на квалитетот на услугата кон

клиентите во угостителската дејност, како и да се подигне општото ниво на квалитет во угостителските објекти на територијата на Градот.

Во текот на 2023 година, согласно новите предвидени проекти за подобрување на условите за престој на туристите и збогатување на туристичката понуда со нови содржини, се очекува зголемен број на туристички посети.
**Скопје и скопскиот регион е втор по посетата од домашни туристи, а прв според посетата од страна на странски туристи**.

Збогатувањето на туристичката понуда преку содржинско подобрување на туристичките атракции, настани, активности и проекти за санација на постоечка патека од манастирот Свети Андреа (од клинот) до Висок Рид, карши пештера Врело во должина од 3,8км, санација и одржување на пешачки патеки во пештерите во кањонот Матка со цел развој на спелеолошкиот туризам, одржување на планински велосипедски патеки на Водно, организирање на фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството, порибување реки и езера, уредување, подобрена пристапност и промоција на археолошкиот локалитет “СКУПИ”, изработка на проектна документација за санација и одржување на опремата во пештерите Врело и Убава и санација и оддржување на опремата, се главните цели на Одделението за поддршка на развој на туризам и угостителство, при Секторот за локален економски развој на Град Скопје.

**Средствата за финансирање на Програмата за локален економски развој на Град Скопје за 2023 година се утврдуваат во износ од 24.300.000,00 денари и ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје за 2023 година**.

Согласно горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма.